Издание бр.: 01 ~ 01/02/2015

forumZFD
Ziviler Friedensdienst



# Balkan PERSPECTIVES

*Списание за соочување со минатото*

**БАЛКАН100 - СПРАВУВАЊЕ СО МИНАТОТО**

**СЕЌАВАЊЕТО Е ГАРАНЦИЈА НА СЛОБОДАТА**

**СЕЌАВАЊЕ НА ЖРТВИТЕ ОД ВОЈНАТА И ТИРАНИЈАТА ГЕНЕРАЛНА РЕФЛЕКСИЈА ВО КОНТЕКСТ НА ГЕРМАНСКОТО ИСКУСТВО**

## Како се сеќаваме

03. ВОВЕД

04. МАГЛАТА ОД МИНАТОТО НЕ СЕ ПОДИГНУВА ОД МАКЕДОНИЈА

05. КОЕ Е ВАШЕТО НАЈУБАВО СЕЌАВАЊЕ?

08. СЕЌАВАЊЕТО Е ГАРАНЦИЈА НА СЛОБОДАТА

10. ЅИДОВИ НА МОЛК И НЕГИРАЊЕ

11. СЕЌАВАЊЕ НА ЖРТВИТЕ ОД ВОЈНАТА И ТИРАНИЈАТА ГЕНЕРАЛНА РЕФЛЕКСИЈА ВО КОНТЕКСТ НА ГЕРМАНСКОТО ИСКУСТВО

14. “ЛАБОРАТОРИЈА НА СЕЌАВАЊАТА”: ГЛЕДАЊЕ НА ЗАПАДНИОТ БАЛКАН, КАКО НА ИНТЕГРАЛЕН ДЕЛ ОД ЕВРОПА

ЗА ОНИЕ КОИ НЕ СЕ ВЕЌЕ МЕЃУ НАС .16

КОСОВО И МАКЕДОНИЈА: ВО ПОТРАГА ПО ИДЕНТИТЕТ .18

ЗАЕДНИЧКИ ГЛАС .19

ПРСТ .20

МАКЕДОНСКИ НОВИНАРИ: СПРАВУВА ЕТО СО МИНАТОТО ИМ Е ПОТРЕБНО НА МЕДИУМИТЕ .21

ГАВРИЛО ПРИНЦИП– НАЦИОНАЛЕН ХЕРО ИЛИ ТЕРОРИСТ .22

NEWS & UPDATES .23

ИМПРЕСУМ .24











# ВОВЕД

Приштина/Косово,
декември 2014 година

Драги читатели,

Војните секогаш претставуваат тешка катастрофа за општеството, бидејќи тие го уништуваат социјалниот поредок и го соочуваат поединецот со насилство и смрт. Тие го менуваат идентитетот на сите учесници  вклучени во конфликтот. Поствоените општества на регионот во Западен Балкан, создадоа разни наративи на минатото, што во најголем број случаи се во меѓусебен конфликт и често под влијание на етноцентричкото гледиште.

Ова ново списание, *Балкан. Перспективи,* е одговор на тие конфликтни историски наративи и негова цел е да претстави алтернативно сеќавање и алтернативни начини на справување со минатото во Србија, Македонија, Косово и Босна и Херцеговина. Им нуди платформа на регионалните и локалните учесници, што се посветени на инклузивните начини на соочување со минатото. „Справување со минатото“ не е вештачки концепт, тој вклучува различни актери како: уметници, истражувачи, активисти на граѓанското општество, државни претставници и многу други.  Сакаме да им понудиме на нашите читатели повеќе перспективи и темата „справување со минатото“ да ја направиме пореална за општествата во Западниот Балкан. Ако сакате редовно да го добивате списанието, Ве молиме да се регистрирате на  *balkan.perspectives@forumzfd.de*. Списанието ќе се објавува три пати годишно, на четири различни јазици: македонски, албански, босански/хрватски/српски и англиски.

Првиот број на *Балкан. Перспективи* ја истражува темата за различните култури на сеќавања. Како што покажува насловната страница на „ѕидот на сеќавањата“, минатото е секогаш составено од безброј мали, индивидуални сеќавања. Во таа смисла, секоја војна креира  мноштво војни, бидејќи секој поединец поприма различно искуство. На општествено ниво, сеќавањето на минатото треба да ги рефлектира овие различни сеќавања и да придонесе во креирањето на историски наративи, што заемно се почитуваат.

Нашите автори се обидоа да се справат со темата од различни агли:

Во нашиот воведен напис, Дино Мустафиќ, добро познат театарски и филмски режисер од Босна и Херцеговина, прашува зошто сеќавањето е клучно за денешните општества и како сеќавањето влијае на нашата заедничка иднина. Д-р Томас Луц истражува како минатото може да се запомни и ни презентира интересен осврт на стратегии за сеќавањето во поствоена Германија. Никола Радиќ, српски актер,објаснува зошто одбрал да работи на теми што се поврзани со историјата и како тој самиот го дефинира сеќавањето на минатото.

Другите написи претставуваат иницијативи од регионот, што на различни начини ја обработуваа темата за сеќавањето: преку фото проект што прикажува членови на семејство на исчезната личност во Косово, преку квалитетно истражување во Македонија и преку проекти што собираа млади луѓе, кои размислуваа за културите на сеќавањата во Западниот Балкан.

Го поздравуваме и го цениме Вашето мислење и повратната информација за нашето списание. Се надеваме дека читањето на *Балкан. Перспективи* ќе претставува за Вас големо задоволство и дека ќе Ве инспирира да размислите за Вашата сопствена култура на сеќавање.

Искрено,
Маике Дафелд / Главен и одговорен уредник

# МАГЛАТА ОД МИНАТОТО НЕ СЕ ПОДИГНУВА ОД МАКЕДОНИЈА

По ое тринаесет години од конфликтот во Македонија, кој ги заостри етничките односи на двата најголеми етникуми, се чини дека државата не прави доволно напори за да ги помири страните и да обезбеди стабилно општество. За државните институции и другите клучни фактори, справувањето со минатото, се уште не се употребува како инструмент за градење на мирот и хармонијата мегу граѓаните, а во континуитет продолжуваат мегуетничките тензии, исклучително кај младите генерации.

Хрватот Горан Божиновиќ, експерт на полето „Соочување со минатото“, вели дека овој процес е во почетна фаза во Македонија.

„Етничката разноликост во Македонија ја гледам како богатство и предност. Внатре во меѓуетничките дијалози треба да се работи на справување со минатото, но тоа е само еден сегмент за мене.  Треба да се разговара за теми за кои не се зборува, да се сослушаат оние со кои не се сложуваме, за да можеме да влеземе во иднината. Целта е да не бидеме оптоварени и да не дозволиме нашите деца да го носат нашето бреме,”вели Божиновиќ.

Според Алберт Хани од невладината „*форум*ЗФД“, Македонија заостанува со овие процеси.

„Македонија како држава, условно можам да кажам дека задоцнува со третирање на оваа тема, но секој почеток е нова можност, бидејќи многу нешта кои се поврзуваат со оваа тема се ставени под тепих. Овие теми треба да се третираат во иднината, бидејќи ни даваат добри можности за да не ги повторуваме грешките кои се случија во минатото”, вели Хани.

Дека земјата треба да ги направи овие напори се согласува и Рафиз Халити поранешниот војник на ОНА, а денес пратеник и потпреседател во Собранието на РМ.

-Мислам дека никогаш не е доцна. До сега требаше да се идентификува генераторот кој доведе до конфликтот. Ако народот го прави ова со искреност, многу полесно ќе најде заеднички точки во градењето на иднината. Ова е во интерес на целиот народ и на државата – смета Халити кој додава дека процесите треба да започнат од влијателните институции како Македонската акдемија на науките и уметностите.

Некогашниот генрал на македонската полиција, Стојанчо Ангелов, кој учествуваше во конфликтот од спротивната страна, вели дека овие процеси зависат во голем дел од економската состојба во земјата.

-Секако дека има начини, но ќе биде тешко. Ниедно решение не е можно доколку Македонија тоне во сиромаштија. За почеток најважно е да се подобри економската состојба во државата и истовремено поорганизирано, поинтезивно и посеопфатно да се работи на подобрување на меѓуетничките односи – порачува тој.

Гледајќи ги политичките околности во Македонија, Експертите порачуваат дека политичарите, медиумите и другите фактори во земјата, имаат потреба од голема подршка, за да започнат сериозно да се занимаваат со справувањето со минатото.

Мефаил Исмаили / Маја Васева

## SERBIA

**Борко Касански, 42**

**Моето најдраго сеќавање е поврзано со мојата сегашна сопруга. Моментот кога ја видов , преку стаклената преграда на лекторскиот оддел на „Вечерње новости“ и кога ни се сретнаа погледите. Ова сеќавање живее од тој ден во 1998 година. Сепак, ако се фокусираме на таа прва средба, се сеќавам на секој детаљ на занесот, обземеноста и желбата да бидеме заедно. Подоцна имавме многу убави заеднички моменти (деца, вработувања...), но сеќавањето на оваа средба на две сродни души, дефинитивно останува во мене како неприкосновено, најдраг момент.**

**Марија Мајсторовиќ, 32**

**Моментот што со сигурност нема да го заборавам никогаш во животот е оној кога станав мајка, пред скоро девет години. Родив многу слатко девојченце, кое доби сестричка пет години подоцна и братче година потоа. Кога за прв пат ќе го погледнете бебето и сознанието дека се е во ред, е нешто што не може да се спореди со ништо друго.**

• • • • • •

# Кое е вашето најубаво сеќавање?

## МАКЕДОНИА

**Мартин, 19**
Бев на концерт и кога шоуто почна, воведот ме восхити, тоа е моето најубаво сеќавање.

**Наташа, 47**
Раѓањето на мојот син, е мојот најубав спомен. Денес тој има 19 години и студира.

**Билјана, 33**
Со задоволство се сеќавам на празниците што со две пријателки ги поминав во Охрид. Таму бевме една недела и многу се смеевме, беше прекрасно.

**Анастасија, 28**
Најубавите сеќавања ги носам од мојот тримесечен престој во Лондон. Таму живеат тетка ми и братучед ми. Земјата многу ми се допадна и беше супер што повторно го видов своето семејството.

## КОСОВО

**Арбер, 45**
Моите најубави сеќавања се врзани за раѓањето на моето девојче.

**Вјола, 21**
Престојував во Албанија за време на војната. Кога се вративме дома, сè беше разурнато, а нашата куќа повеќе ја немаше, но јас дојдов дома и тоа се моите најубави сеќавања.

**Рон 35**
Завршетокот на војната е мојот најубав спомен. Сфативме дека нема да умреме и дека сме слободни.

**Мергим, 31**
Со задоволство се сеќавам кога гледав во небото, а имав четири или пет години.

**Валдрин, 12**
Со моето семејство бевме во САД. Таму има многу играчки, ми се допадна тоа, тоа се моите најубави сеќавања.

## BOSNIA AND HERCEGOVINA

**Бранка, 36**
„Моите најсилни и најубави сеќавања датираат од времето на моето рано детство. Недела наутро кога целото семејство е заедно и во мир и ја гледаме емисијата „Неделен забавник“.

**Адо, 33**
„Се сеќавам како моите родители ме штитеа силно и искрено за време на војната. Мојата прва асоцијација за војната не е смртта и гладот, туку грижата на моите родители. Ние секогаш сме имале малку леб, и во текот на 1993 година во главно тоа беше единственото нешто што го имавме за јадење. Да, моите родители нè штитеа сестра ми и мене од војната, колку што можеа повеќе.

**Мирсада, 63**
„На што се сеќавам? Па, најмногу се сеќавам на животот пред војната, бидејќи тогаш се чувствував жива. Тој дел од животот ми беше најубав. Од почетокот на војната, па сè до денес, имаме сè, освен живот“.

# СЕЌАВАЊЕТО Е ГАРАНЦИЈА НА С

БИХ

Дино МУСТАФИЌ



# ...ЛОБОДАТА

Сеќавањето е важен дел од нас, дел од нашето битие. Нашите искуства на Балканот се специјални, имаме потреба и обврска, преку емпатијата кон другите, да ги пренесеме нашите сеќавања, бидејќи на тој начин се отвора перспектива за иднината, во која омразата и војните нема да се повторуваат како рефрен во историјата. Начините и изборот за она што треба и мора да го запаметиме, е едно од суштинските прашања на нашето општество. За жал, нашето сеќавање е селективно и филтрирано преку политичко-општествениот однос, во кој историските настани се набљудуваат без контекст и поврзаност со времето во коишто се случиле, а често сведочиме и на негирањето на фактите и негувањето на културата на заборавот и лагите. Уметноста е важна за чување на сеќавањата, бидејќи тоа е приказна за животот и поединецот, чувствителна на манипулации и узурпации, сé уште се однесува на живите луѓе, додека историјата е „славна“ и се занимава со она што поминало. Уметничкиот јазик е простор на иднината, затоа што верува дека умот и фантазијата, во комуникација со публиката, создаваат паралелен свет на мир и слобода.

*Доколку останеме рамнодушни кон лекциите од нашето минато, ќе бидеме рамнодушни и кон неразделните надежи за иднината.*

Поради тоа, минатото често дава инспирација за уметничка креација, бидејќи индивидуалното сеќавање отвора можност за сопствено преиспитување, наспроти историското сеќавање, кое во своите интерпретации често ги релативизира фактите, гледа од страната на победниците и го фалсификува минатото. Храбра, искрена и критички ангажирана уметност, е еден од начините за морално преиспитување на улогата и одговорноста на поединците, колективитетите и државните институции, во насилството и теророт.

Вредните литературни, филмски, театарски, музички и сликарски дела, создадени во изминатите неколку години, беа креативно сеќавање, освојување на просторот на слободата од минатото, гледано како анксиозност, зло и крв. Таквите дела, што ја допираа историјата и сеќавањата на еден одговорен и хуман начин, преку призмата на микросветовите на поединците и жртвите, ги прескокнуваа сите подигнати национални бариери и ѕидови на омраза, будеа сомилост и не водеа кон преиспитување на совеста и кон покајувањето.

Уметноста е и борба против апатијата, како продолжеток на злото коешто ги понижува жртвите и го продлабочува јазот меѓу етничките заедници. Сеќавајќи се на одреден настан, во нас тој повторно оживува. Сеќавајќи се на одреден лик, настанот го поврзуваме со него. Ние не можеме да заборавиме што се случило, но, мораме да простиме. За тоа да се случи, секој збор мора да биде запишан, секоја солза ставена на вага и секоја жртва измерена. Единствениот начин да го сториме тоа, е да ја негуваме културата на сочувство и емпатија, за идните генерации никогаш да не ја повторат свирепоста кон оние од различната етничка или верска припадност.

Доколку останеме рамнодушни кон лекциите од нашето минато, ќе бидеме рамнодушни и кон неразделните надежи за иднината. И така доаѓаме до суштината: „Ако ние заборавиме, ќе бидеме заборавени“. Затоа сеќавањето е гарант на слободата. Уметниците го чувствуваат светот преку ритамот на своето срце. На животот тие гледаат како на принцип на највисока вредност, затоа што постои цврста врска меѓу уметниците и сеќавањето, во која без одговорно и свесно соочување со минатото, не е можна ниту иднина.

*Дино Мустафиќ е добро познат театарски и филмски режисер од Босна и Херцеговина. Дипломирал на Академијата за сценски уметности во Сараево. Тој се наоѓа на чело на најстариот театарски фестивал во регионот, Меѓународниот театарски фестивал МЕСС, кој со своите соработници го обнови по опсадата на Сараево. Културата на сеќавање на неодамнешното воено минато на БиХ, е присутна во неговото творештво.*

# „НЕГУВАНА НАСЛЕДНА БОЛЕСТ НА МЕЛАНХОЛИЈА И ГОРДОСТ”

„Треска/ нумизматичка вредност“, 2013, Комбинирани медиуми, уметнички дела: Никола Радиќ Луцати, истражувач: Д-р Милован Писари. Прикажано во “Vot Ken You Mach” изложба во KhD - Kunsthaus Dresden



*Никола Радиќ Лукати израснал во Белград во уметничко семејство. „Во моето семејство, речиси во секоја рака имаше молив, сликарска четка или камера. Во основа, јас израснав цртајќи и правејќи фотографии“, објаснува тој. Студирајќи уметност во Белград и во Ерусалим, тој сфатил дека злоупотребената колективна меморија, била искористена за да ги подели и радикализира граѓаните во 80-тите и 90-тите години во Југославија. „Овој вид на манипулација ја користи културата како медиум и може успешно да ѝ се спротивставите на тоа поле”, верува тој.*
*Во интервјуто што следи, тој зборува за културата на сеќавањето, за справувањето со минатото во Србија и за улогата на уметноста.*

**Никола, културата на сеќавање е термин кој често се користи. Што тоа значи за тебе?**

За мене, културата на сеќавање има само преодна врска со културата. Таа динамички го менува опкружувањето на економските и политички проекции. Културното пакување е соодветен миротворец, кој ги ограничува последиците од постојаното ребрендирање на политичките и економски производи во културата.

Проблемот се појавува кога кревките историски приказни се изложени на ваков груб третман. Она за што зборуваме, на крајот на краиштата, е губењето на вистинската историја во механизмот на континуирано преуредување и цензура. Еден од начините да се спречи ова е да се вратиме на оригиналот, на нередактираниот документ, сведоштво, артефакт и да ги вклучиме во преиспитувањето на сегашната состојба на приказната.

**Вие живеете и работите во Белград. Какво значење има културата на сеќавање во Србија?**

Во Србија, културата на сеќавањето, традиционално е негувана наследна болест на меланхолијата и гордоста, хранета со континуирани потешкотии и со сите премногу реални страдања на српскиот народ и на неговите малцинства. Колективната меморија, која со векови знаеше како да се слават хероите и да се зачува вербата, мутираше во сет кохезивни нарации, а потоа и во официјална историја за фреквентна повторна употреба од страна на националистичките идеологии, уште од 1930 година.

Денес, „културата на сеќавање“, или поточно „сеќавање за заборав“, жално се залага за насилна, ревизионистичка повреда на историјата, преку континуирани обиди да се дојде до единствена, афирмативна, национална приказна. Потрагата по Светиот Грал, на неспорната хегемонија на националната митологија над историјата, во моментов се претвори во поскромни, поостварливи цели: политичка предност, економска корист, избегнување на реституција, итн...

**Вие сте уметник кој се справува со минатото. Зошто уметноста мора да се справува со културата на сеќавање?**

Како што покажа неодамнешниот бран на цензура и отпуштања во медиумите и институциите на културата, државата не може да се остави сама со својата историја и култура во иста соба, без некаков надзор од возрасно лице. Националистичкиот српски експанзивен проект, беше повторно усогласен со принципот „ако не поголем, тогаш почист“. Неонацистичките партии се во подем и најголем број на напади се извршени врз основа на класната разлика, рамо до рамо со поттикнувањето на расизмот. Малцинствата не се веќе 40% од населението, а медиумите се претворија во таблоиди, панично бранејќи го економскиот дарвинизам со подгреаниот, а сепак, несуверен национализам. Доколку културниот простор не биде оспорен од фактичката

историја, ниту една нова генерација нема да може да го преземе водството кон нов, декларативен и етички пристап кон улогата на уметноста и сеќавањето кое претставува плуралистичка платформа за демократско општество.

**Да се задржиме на Вашата лична работа. Како Вие се справувате со културата на сеќавањето?**

Во мојата работа, применувам документирано и емпириско истражување на субјекти, коишто се дел од процес што се повторува. Честопати се трудам да се враќам на местата, да ги препрочитувам и да ги преиспитувам навидум „фиксните“ приказни, за често занемарените модели. Тие тежнеат да станат лични и си дозволувам себеси да бидам импресиониран од субјектот, најверојатно и премногу да се идентификувам со него. Во обид да ги избегнам опасностите од прекумерно уредување и поедноставување, голем дел од сознанијата ги нудам непроменети, како што ги наоѓам во архивите или документирани на лице место.

Историски, колективното и личното сеќавање не се менливи и, правејќи да се слушнат нивните различни гласови, се обидувам да ги покажам основните процеси на константното приспособување на јазикот на сеќавањето на жртвите на малцинските заедници, коишто продолжуваат да преживуваат, интернализирајќи ги проекциите на доминантното мнозинство.

**Веќе подолго време работите на културата на сеќавањето. Можете ли да видите промена, за самата култура на сеќавање, во врска со тоа како општеството, политиките и уметноста се справуваат со неа?**

„Справување со тоа“ е добар опис - со „тоа“ „си се справил“ на средно ниво на управување при непосредно решавање на проблемите во односите со јавноста. Бидејќи на „тоа“ почнува да се гледа како на комерцијална можност, „тоа“ станува растечки, динамички развиен, полуприватизиран дел на локалните националистички односи со јавноста, културата и економијата. Ваквиот екосистем е неспособен да даде резултати, што се соодветни на етичката едукација, базирани врз искуството од Холокаустот и геноцидот и може да доведе до нови конфликти. Сепак, јавноста реагира на овој етички недостаток. И покрај тоа што генерациите по 90-тите години, во српското општество беа растени под влијание на селективна интерпретација на историјата, бројот на присутни во разговорите и изложбите расте, публиката изгледа подготвена да се ангажира и желна е да ги искаже своите чувства и да покаже поддршка. Етичкиот и емоционален јаз помеѓу пристапот на државата и одговорот на луѓето, ретко кога бил поголем и постепеното градење на алтернативно, цивилно историско образование, може да доведе до тоа, основата на заедничката приказна да прерасне во нова, неисклучива култура на сеќавање.

**Какво општество имате на ум, справувајќи се со минатото на уметнички начин? Која е Вашата Утопија?**

Едно од малите нешта, што избледува поради притисокот на деполитизирачката култура, е утопијата на слобода и еднаквост, со креирање на „културно“ сеќавање за нив, како на подобро минато. Исто како и минатото, утопиите се опасни. Но, за разлика од минатото, за нив секогаш вреди да се бориме.

http://www.nikolaradiclucati.com/



Записот- “ ... полето, и пештерата што беше таму, и сите дрвја што беа во полето, шапката беше во сите граници наоколу. “ (Генеза 23:16). Прикажана на „ Исчезнати места“ на КЦ Град, 9-15 август 2012. Под кураторство на Дејан Атанацковиќ

# ЅИДОВИ НА МОЛК И НЕГИРАЊЕ



ЏАБИР ДЕРАЛА

Сеќавај се на минатото – гради ја иднината, е проект кој ќе се обиде да разработи неколку чувствителни теми од областа на справувањето со минатото во Република Македонија. Проектот доаѓа во тешки времиња, кога земјата се соочува со сериозни нарушувања во исполнувањето на основните стандарди на човековите права, демократијата и владеењето на правото. На чело на државата која има долгогодишен спор околу името со соседна Грција и се бори за изградба на свој национален идентитет, е владејачка коалиција на националистички партии од македонско мнозинство кое е најбројно и албанско малцинство.

Самата влада е растргната од внатре. Македонскиот дел од владата се обидува да го наметне идентитетот на мнозинството, на Македонците, главно православни христијани, како национален идентитет, независно од бројните етнички и национални малцинства кои претежно се од исламска религија. Изградбата на мултиетничка и мултикултурна држава и идентитет, е уште еден предуслов за евроатлантските интегративни процеси на земјата, премиса за која се залагаат прогресивните делови од општеството и малцинствата.

Балканските општества, генерално, страдаат од вековни разлики и судири околу идентитетот и историите што се преклопуваат. Во овој контекст, Македонија е веројатно во најделикатна позиција поради оспорувањето на: нејзината територија, име, идентитет, јазик и историја, на различни нивоа и од различни соседни земји. Дури и во рамките на општеството, постои долготрајна дебата околу суштинските прашања на овие теми.

Во такви околности, „Цивил“ и „*форум*ЗФД“, спроведоа повеќестрано пилот истражување во три етнички мешани општини во државата, вклучувајќи ја и проектната компонента на национално ниво, со користење на комбинација на акционо истражување и на рефлексиите на методологиите на мировните практики.Истото вклучува историски настани и процеси од Илинденското востание, кое се водело за ослободување од османлиското владеење во 1903 година, до денес.

Истражувачите на „Цивил“ се обидоа да дознаат кои се формите и содржините на локалните култури на сеќавање, како и перцепцијата на релевантните претставници на етничките заедници, засегнати страни и актери, за тоа кои се функциите на локалните култури на сеќавање. Истражувачите, исто така, се обидоа да дознаат каква е перцепцијата на бројните учесници во истражувањето, за идните ориентирани / алтернативни локални култури на сеќавање. За жал, многу малку, ако воопшто, може да се види светлина на крајот од тунелот. Барем засега.

Импрегнирани со партиска политика, трајни предрасуди и стереотипи, нерешени прашања во минатото, со национализам и недоверба, локалните заедници вклучени во истражувањето, се чини, не беа во можност да дојдат, дури ни одблиску до договор, за кој било од историските настани и процеси . Војната во 2001 година, во која се судрија двете најголеми етнички заедници, е сè уште свеж настан во сеќавањето на луѓето, за кој тие имаат сосема спротивни гледишта .

Дури и оние неколку историски настани што би можеле да послужат како конектори меѓу различните етнички заедници, како што се Илинденското востание, кое во тоа време имало силна социјална компонента и во кое учествувале сите заедници, вклучувајќи ги и локалните Турци, или Втората светска војна, не ги зближија етничките заедници во контекст на справување со минатото и сеќавањето, на локално ниво.

Друга интересна, ако не и интригантна опсервација е дека ниту еден учесник во истражувањето, не ги спомна холокаустот и депортацијата на Евреите од Македонија за време на Втората светска војна. Тоа е уште еден аспект што треба да биде истражен во понатамошната работа, кој илустрира уште една од многуте комори во сеќавањето, што останува опкружена со ѕидови на молк и негирање.

# СЕЌАВАЊЕ НА ЖРТВИТЕ ОД ВОЈНАТА И ТИРАНИЈАТА: ГЕНЕРАЛНА РЕФЛЕКСИЈА ВО КОНТЕКСТ НА ГЕРМАНСКОТО ИСКУСТВО

Во текот на последните децении, стана вообичаена пракса, по завршување на војните, диктатурата и злосторствата против човештвото, да се побара соочување со злосторствата од минатото.

Произлегува фундаментално прашање за тоа дали по завршување на војната и на насилните злосторства, вакво интензивно соочување со изгубените човечки животи во минатото, е корисно.

Во историјата на човештвото е вообичаено да се повлече линија под минатото и да се изведат најодговорните личности пред лицето на правдата, со давање на општа амнестија. Врз основа на ова, беше остварен нов почеток, како во внатрешно-државните релации, така и во општеството. Како и да е, ваквиот начин на справување со конфликтите, подразбира амнезија. Жртвите беа заборавени; тие не добија ниту финансиски надомест, ниту друг вид социјална помош, додека оние што учествуваа во воените конфликти или во јавните злосторства, можеа да продолжат да живеат добар живот.

Начинот на справување со историјата на злосторствата, сепак, во последната третина од дваесеттиот век, се промени. Од суштинско значење беа злосторствата извршени од страна на Германците за време на нацистичката ера, што по периодот на „амнезија", со својата единствена димензија, резултираа во повик за адекватна култура на сеќавање, надвор од секоја политичка инструментализација.

По нејзиното безусловно предавање, Германија, од страна на сојузниците, беше присилена да раскрсти со нацистичката идеологија и да плати отштета – делумно, индивидуално на жртвите, но во најголем дел како воени репарации кон државите. Сепак, во двете германски држави, доминираа заеднички политики за потиснување на минатото. Жртвите продолжија да се соочуваат со социјална исклученост и со дискриминација. Ниту членовите на мнозинството во општеството не ја решаваа својата вмешаност во извршените злосторства, ниту пак директните сторители беа осудени во поголем обем.

Сè до 1970 година, кога постепено започнува процесот на справување со минатото, маргинализираните групи беа официјално признати, добија финансиска компензација и државно финансирање во однос на нивните социјални и културни интереси. Историјата на нацистичкиот прогон им послужи да создадат свој облик на сеќавање, поврзан со процесот на групна идентификација.

Како важно општествено достигнување, прашањето на одговорноста за овие злосторства, кое произлезе неколку години подоцна, забележува дека не треба да се потценат облиците на општествена саморефлексија и самоуверување. На општеството му беше многу тешко да го поднесе прашањето за вмешаноста на своите членови во злосторствата.

Од гледна точна на тоа како Германија ги решаваше злосторствата извршени за време на нацистичкото минато, може генерално да се истакне следното:

- Искрениот начин на справување со државните злосторства може да придонесе во обезбедување на надомест за прогонетите, преживеаните и нивните роднини. Покрај финансиската поддршка, општественото признавање може да им помогне во создавање на нов почеток. Во меѓународните односи, исто така, признавањето на странските жртви го поставува првиот, важен чекор во политиката на разбирање и заемно признавање.

- Прашањето за сторителите, во јавните институциии и учеството на поединци, може да придонесе кон тоа, новите поколенија, да бидат критички настроени кон дејствата на државата и да ја прекинат постоечката дискриминација на многу нивоа - кон жртвите од минатото, како и кон оние во сегашноста. Ова претставува важен облик на превенција, особено ако сторителите мора да стравуваат дека ќе бидат повикани на одговорност, порано или подоцна.

- Само доколку со минатото се справиме искрено и целосно, можно е да се спречи неговото повторување, да се воспостават соодветни структури во државните процеси, да се постигне социјално прифаќање и последно, но не и најмалку важно, да се остварат средби на поранешните противници, со цел да се избегнат слични воени конфликти или јавни злосторства.

- Ако минатото, дури и оној дел од него кој е непријатен за сопствената страна, е потиснато, постои постојана опасност за негово еруптивно повторно појавување и продолжување на конфликтите.

Др.Томас Луц

# БАЛКАН100

# СПРАВУВАЊЕ СО МИНАТОТО

Во Струга, Македонија, *форум*ЗФД, од 31.јули до 03.август 2014, започна проект Балкан 100. Целта на проектот е да се започне со процес на справување со паралелното и често, конфронтирачко минато на Балканот, преку подигање на свеста, за различните аспекти на колективните идентитети на заедниците на Балканот. Во овој проект учествуваа млади луѓе, со различни интереси и припадност, од Босна и Херцеговина, Македонија, Косово и Србија. Целиот проект ќе трае три години и ќе обезбеди многу социјални и едукативни активности.



За време на првата работилница во Македонија, учесниците имаа шанса да покренат прашања за колективното и индивидуално минато, да се обидат критички да ги оценат сопствените гледишта во врска со овие прашања и да ги разменат и споредат со своите наративи. Покрај ова, работилницата обезбедува антрополошко истражување во селото Радовиште, каде што учесниците имаа шанса да ги истражат аспектите и процесот на создавање на колективното сеќавање на жителите на селото, за големото злосторство што се случило во селото кон крајот на Втората светска војна.



И покрај фактот што процесот на адмисија е завршен, локалните заедници и другите активности во рамките на проектот, повремено ќе вклучуваат нови учесници. Справувањето со минатото на Балканот, не би требало и нема да биде привилегија на тесна група учесници во проектот Балкан 100, туку ќе им биде на располагање на сите оние што имаат волја да го преиспитаат сопственото гледиште и да проверат дали постои уште нешто, што може да се научи од „другите“.

Овој натпис прв пат беше објавен на археолошкиот веб портал arheon.org

Марко Баришиќ

Минатото ја обликува иднината преку неговата присутност во јавниот простор и во официјалните култури на сеќавањата, вклучувајќи: комеморации, музејски иницијативи, учебници, закони, комисии и политички дискурс. Земјите од просторот на поранешна Југославија, можеби го делат истото минато но, доминантните историски дискурси за „краткиот дваесетти век", се разликуваат во секоја земја. Ова, особено станува очигледно по распаѓањето на Југославија и создавањето на нации-држави, кои, проаѓајќи низ транзиција, се обидоа да се одвојат од југословенските главни наративи и да создадат свои национални истории и култури на сеќавање, со нагласување на различните историски настани и нивните аспекти. Војните што следеа по распаѓањето на Југославија, ги надополнија овие процеси. Оспорените приказни во регионот вклучуваат различни претстави од славното минато, колективно страдање и виктимизација, и често негирање на сопствените злосторства од минатото. Затоа е потребен проектот „Балкан 100", со неговата регионална ориентација. Со здружување, не само на млади научници од различни дисциплини, туку и на луѓе од други области, проектот станува важен дел од еден многу потребен процес за справување со минатото и за анализирање и испитување на доминантните историски приказни во регионот.

Овој проект е тесно поврзан со истражувањата што ги правам за мојот докторат, кој се фокусира на промените во културата на сеќавањата од Втората светска војна во Србија, и тоа е една од причините да учествувам во него. Друго важно нешто, за мене во проектот, е неговиот поширок фокус, кој опфаќа не само еден историски настан, туку дава шанса за вклучување, не само на колективното, туку и на индивидуалното сеќавање на Балканот. Тоа, за време на оваа работилница, заедно со поврзувањето, неформалните интеракции и дискусии со другите учесници за различни аспекти на овие теми, прави, овој проект да биде голема можност за учење и размена на знаење.

Јелена Дуреиновиќ,
*докторант, Меѓународен постдипломски центар за проучување на културата, Гисен.*

Од деведесеттите години, националните историски програми, медиумите и популарната култура на Балканот, се најчесто фокусирани кон повторно создавање на нови колективни идентитети, прилагодени на новите политички услови во ова време. На многу млади луѓе овде, им е тешко да го напуштат овој дискурс, затоа што тој се чини природен и нормален, иако не е. Балкан 100 е важен проект преку кој се смета дека барем некои од младите ќе применат постмодерни научни пристапи кон идентитетите и локалните истории, со цел да донесат повеќе разбирање и мир за нивната национална, но и лична благосостојба. Воедно, се надевам дека искуството на учесниците ќе се сподели меѓу нивните локални заедници и дека тоа ќе доведе до промена на начинот на гледање на историјата и воопшто на животот.

Марко Баришиќ

Еден од моите најголеми лични и професионални интереси е благосостојбата на луѓето во постконфликтните зони, особено во регионот на Западен Балкан. Овој проект ми дава можност да се сретнам, да дискутирам и, најважно од сè, да соработувам со луѓе од различни земји во регионот. Верувам дека справувањето со минатото, е задача на секоја нова генерација во целиот свет, а за нас во овој регион, понекогаш, справувањето со минатото, може да биде клучно во создавањето на подобра иднина. „Балкан 100" ми дава простор во кој можам да поставувам прашања и да добивам одговори, да отворам теми и да развивам проекти за кои имам голем интерес. Со нетрпение очекувам да воспоставам блиски односи со учесниците од регионот и заедно со нив да работам на овие прашања.

Родољуб Јованови

Прошката не го брише горкото минато. Обновеното сеќавање не е сеќавање што може да се избрише. Напротив, простувањето на нешто што не можеш да го заборавиш, создава нов облик на сеќавање. „Го менуваме нашето сеќавање на минатото со големи надежи за иднината", рекол Луис Смедес. Справувањето со минатото, во кое сериозно се прекршени човековите права, е еден од најголемите предизвици со кој се соочува нашето општество. Овој проект е многу важен, бидејќи негова цел е да ги охрабри општествата, да ја преземат одговорноста за промоција на мирот. Овој процес, е истовремено многу тежок и болен, особено за жртвите што ја преживеале војната, но убеден сум дека тој (мирот) не е нешто што не може да се постигне. Верувам дека, од страна на државните институции и другите важни учесници, треба да се преземат слични иницијативи.

Користењето на национализмот и религијата како алатки за поттикнување на омраза и насилство, не е воопшто човечки. Новите генерации треба да ги учиме на потребата да работат заедно за општо добро, без да паѓаат во стапица на злото. Меѓурегионалните проекти, како што е овој, посебно оние што се однесуваат на младите, ќе помогнат да се вратат социјалните врски, што се темелат на: взаемна доверба, емпатија, толеранција и мир.

Затоа, историјата на Балканот треба повторно да се ревидира, особено онаа напишана во учебниците, што ги користат младите генерации. Верувам дека најважните работи во овој процес, се стремежот и настојувањето да се остане до крај верен на целта, без разлика какви предизвици може да искрснат во иднина.

Интересот да учествувам во оваа обука, потекнува од мојата желба за проширување и продлабочување на моето знаење во ова поле. Бидејќи дипломирав психологија сметам дека ова ќе ми помогне да го разберам влијанието на многу фактори врз, таканаречената, колективна свест. Верувам дека треба да научам повеќе и за стратегиите, што луѓето ги употребуваат за поефикасно справување со минатото.

Шејла Авдиќ






# “ЛАБОРАТОРИЈА НА СЕЌАВАЊАТА”: ГЛЕДАЊЕ НА ЗАПАДНИОТ БАЛКАН, КАКО НА ИНТЕГРАЛЕН ДЕЛ ОД ЕВРОПА

Појдовната точка на транс-европската платформа „Лабораторија на сеќавањата“, беше едноставна: многумина што се справуваат со минатото во Западна и Централна Европа не знаат многу за она што се случува на ова поле во Западниот Балкан и обратно. Ова го рефлектира општиот јаз, што и натаму постои помеѓу Југоисточна Европа и останатиот дел од Европа. „Лабораторијата на сеќавањата“, сака да биде можност за враќање на иницијативите од двете страни на Европа, што се справуваат со историјата на војните и масовните насилства во 20-тиот век, за да можат да се разменат искуства, знаења и вештини, и да се развијат заеднички активности. Генерално, целта на платформата е да се даде придонес кон зајакнување на конструктивниот пристап за справување со тешкото минато и да се развие






простор за заеднички сеќавања во Европа, каде што на искуствата и праксата од западните балкански земји, ќе се гледа со иста важност и вредност, како на оние искуства и вредности од европските земји. Од 2010 година, „Лабораторијата на сеќавањата“ (до 2013 година наречена „Справување со тешкото минато во Западна Европа и западните балкански земји“), организира годишни работилници и студиски патувања, во различни делови на Европа: после Босна и Херцеговина во 2010 година, Босна и Херцеговина и Хрватска во 2011 година, Франција во 2012 година, Германија во 2013 година, во 2014 година, работилницата и студиското патување се одржаа во Косово и Македонија. 40 лица, што работат во меморијални центри, музеи и невладини организации од: Белгија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Франција, Германија, Косово, Македонија, Холандија и Србија, земаа учество во оваа програма, којашто беше организирана од „Младинската иницијатива за човекови права“ од БиХ, *форум*ЗФД од Косово, „Француско-германската младинска канцеларија“, (ФГМК), „Алтер Хабитус“ и „Центарот за балканска соработка- ЛОЈА“. Групата посети различни меморијални места во Косово и Македонија, разменија искуства со лица што работеа на прашањата на зачувување на сеќавањата во двете земји, како што се: Нита Луци, Саранда Богујевци и Горан Јанев, и ги продлабочија третираните теми на работните сесии. Како и во претходните години, програмата обезбеди и можност за развивање на проекти за соработка меѓу организациите учесници: еден директен резултат на патувањето во 2014 година на „Лабораторијата на сеќавањата“ е, на пример, планот на: ХЛЦ од Косово, Младинската иницијатива за човекови права од Србија, Студискиот центар Макс Манхаимер од Дахау (Max-Mannheimer-Studienzentrum Dachau), Одделот за млади на Лимож и ФГМК, во 2015/2016, да организираат циклус на семинари за студенти од: Косово, Србија, Франција и Германија, во врска со „Воените злосторства и судењата во Европа“. По Македонија и Косово во 2014 година, следната годишна работилница и студиско патување на „Лабораторијата на сеќавањата“, според планот, ќе се одржи во Белгија, во октомври 2015 година, со цел да се научат и разменат начините на пристап, за справување со наследството од Првата и Втората светска војна, но, и со колонијалната историја и отворањето на Музејот на европската историја, што треба да се случи во Брисел, во 2015 година.

Николас Мол, Главен координатор на „Лабораторијата на сеќавањата“

*За повеќе информации: www.memorylab-europe.eu*



Николас Мол
Главен координатор „Мемори лаб“

# ЗА ОНИЕ КОИ НЕ СЕ ВЕЌЕ МЕЃУ НАС

Војните и репресиите на државата, создадоа разурнати општества и резултираа со голем број трауматизирани, раселени и исчезнати лица. Косово е едно од тие општества, длабоко погодено со сериозни кршења на човековите права. Прашањата, со кои народот на Косово и неговите институции мора да се справат, се разликуваат, почнувајќи од недостигот на доверба меѓу етничките групи, негирањето на злото од минатото и недостигот на институционални капацитети за прифаќање на големите општествени промени. Транзицијата од вооружен судир и репресија, во мир и функционална демократија, бара од општеството да заземе став кон масовното кршење на човековите права, што се случило во блиското минатото. Косово почна да ги гради темелите на новиот почеток, со прогласување на независноста на 17 февруари 2008 година. Во овој контекст, важно е да се фокусира на лекување на раните предизвикани од трауматичното минато и да ги реши постоечките забелешки на народот. Во Косово, повеќе од 1.500 лица се исчезнати. Уште од нивното формирање, косовските институции се постојано критикувани заради нивната неангажираност во расветлувањето на судбината на лицата што исчезнаа за време на конфликтот во Косово. Најсилни критики до овие институции беа упатени минатата година, кога Косово и Србија започнаа дијалог за нормализирање на меѓусебните односи.



И покрај фактот дека државата е должна да се справи со прашањето на исчезнатите лица, постојат неколку други групи, кои се обидуваат да ги застапуваат и да најдат одговор за судбината на над 1.500 исчезнати лица. Општо земено, постои недостиг на социјална свест, за потребата од справување со минатото и неговите форми. Оттука, постои потреба да се направи општество, свесно за важноста на справувањето со минатото, како процес на рехабилитација, нормализација и како процес, од витално значење за семејствата на жртвите, кои ја бараат вистината, но и за другите лица, погодени од војната. Дардан Хоти, новинар, и Фитим Селими, фоторепортер, со своите извештаи и фотографии, сакаат да помогнат во овој процес.

Целта на нивниот проект е документирање на сите кршења на човековите права, но тој е и обид за воспоставување на основа за адекватна форма на сеќавање и почит кон исчезнатите лица во Косово. Со овој проект,Хоти и Селими, сакаат да дадат и придонес за една поширока дискусија за транзицијата на правдата во справувањето со минатото. Тие настојуваат да ѝ ги понудат на јавноста нераскажаните приказни на семејствата на исчезнатите лица, кои припаѓаат на три различни засегнатите заедници: на Ромите, Србите и на Албанците.



# Документарен филм

Хоти и Селими ќе направат документарен филм за исчезнатите лица во Косово; ќе бидат спроведени непосредни интервјуа со семејствата на исчезнатите од сите етнички заедници, со што ќе ѝ биде дадена можност на јавноста да ги слушне досега нераскажаните приказни. За прв пат ќе биде подготвен документарец кој ќе вклучи семејства на исчезнати лица од сите заедници. Овој документарен филм е посебен, бидејќи ќе се фокусира на три временски периоди:

- на минатото на интервјуираниот / роднина / пријател / посебни предмети (на пр. облека, фотографија итн), што му припаѓале на исчезнатото лице и помагаат да се одржи сеќавањето на него/неа
- на сегашноста на интервјуираниот / роднина / пријател на исчезнатото лице, предизвиците и борбите со кои тој / таа се соочува.
- на иднината на интервјуираниот / роднина / пријател на исчезнатото лице.

Хоти и Селими ќе подготват сценарио, што ќе се користи за снимање на документарниот филм.

# Како тие ќе го направат тоа?

Хоти и Селими веќе имаат идеја за тоа како да придонесат кон ова прашање. Тие планираат да објават додаток во весник, да направат документарен филм и да организираат изложба.

# Додаток во весник

Додатокот ќе се состои од дванаесет страници, секоја ќе биде триптих, со фокус на преживеано лице, чија приказна ќе го даде потретот на исчезнатото лице. Ќе биде објавена и фотографија, поделена на три дела и проследена со три нарации за спомените, отсуството и животот по исчезнувањето на секој поединец.

# Изложба

Изложбата, која ќе биде дел од овој проект, е наречена: „Три димензии“. Трите димензии ќе ја прикажат личноста од глава до петици. Главата на личноста ќе понуди објаснување; во рацете личноста ќе држи предмет, нешто што останало од исчезнатото лице; нозете ќе бидат израз на потрагата на семејствата, за решавање на судбината на исчезнатите лица. Преку овие три активности, Хоти и Селими ќе се обидат да ја подигнат свеста за исчезнатите лица во општеството и да го зголемат бројот на информации во врска со ова прашање, пред сѐ за луѓето кои не беа погодени од војната или кои немаат исчезнато лице во своето семејството. Тие, исто така, имаат за цел да ги зголемат капацитетите [за справување со ова прашање] и дискусиите меѓу младите, за тие да можат да формираат мислење за минатото и војната. Како резултат на тоа, преку приказните раскажани од семејствата на исчезнатите лица, жителите на Косово ќе дознаат за „другата страна на приказната“.

Меѓутоа, за да се имплементира овој проект, на Хоти и Селими, ќе им бидат потребни средства.

Нивната подготвеност да го реализираат овој проект е огромна.

# КОСОВО И МАКЕДОНИЈА: ВО ПОТРАГА ПО ИДЕНТИТЕТ

Студиското патување во Косово и Македонија го реафирмира и унапреди моето сфаќање за сеќавањата на настаните од минатото. Посетивме земји кои последни ги искусија вооружените конфликти, на тлото на поранешна Југославија.

Конфликтот во Косово остави длабоки поделби помеѓу две заедници кои сега коегзистираат во посебни светови и кои само повремено се испреплетуваат. Впечатокот е дека зачувувањето на сеќавањата го следи овој модел, па оттука спомениците се исклучиво моноетнички. Државата Косово има поставено неколку државни споменици и е повеќе фокусирана на создавање идентитети врз основа на други одлики, главно базирани на стекнување независност и одвојување од Србија. Косово и неговите граѓани бараат да се создаде идентитет, целосно неповрзан со поранешна Југославија, со Балканот а особено со Србија. Од моја гледна точка, постои одредена криза на идентитетот. Можат да се видат американски и знамиња на ЕУ како се веат на зградите од државните институции, како почит кон шампионите и пријателите на Косово.

Меморијалниот центар „Газиместан" и спомеников на „Братство и единство", се во рамките на државниот проект за зачувување на сеќавањата и затоа малку се подзаборавени или дури и изменети, со цел да ги рефлектираат тековните потреби на младата држава Косово. На пример, човековите фигури, кои се дел од споменикот „Братство и единство", се нацртани како знамињата на големите сили кои го поддржаа создавањето на младата држава Косово. Тоа е пренаменување на еден државен проект за зачувување на сеќавањето во друг.

Политичките елити одлучија да го задржат сеќавањето само на еден дел од минатото, оној за кој тие веруваат дека е „вреден" да се памети. Со ова, тие ја истуркаа социјалистичката ера со сите нејзини несреќи во заборав, наспроти 90-тите, кога оваа крвава декада резултираше со независност на Косово. За зачувување на сеќавањата за војната од 1998-1999 год. косовскиот државен проект го претстави споменикот „Адем Јашари". Државата го постави и го одржува, спомеников кој е дополнет и од преживеаните членови на семејството Јашари, кои сè уште живеат таму. Ова му даде ново значење на спомеников - пркосење на смртта и тежнеење кон бесмртност. Во таа смисла, политиките за зачувување на сеќавањата во Косово навистина се разликуваат од тие во Хрватска. Во Хрватска државата има изградено многу споменици во чест на Татковинската војна (име кое се користи за војната во 90-тите години, кое е симболично моќно само по себе).

Според мое мислење, спомениците се поставуваат како резултат на приватни иницијатниви, коишто преовладуваат во Косово. Граѓаните имаат потреба да се сеќаваат и да ги одбележуваат своите сеќавања, далеку од дофатот на државата. Како резултат на ова, постои екстремно хаотичен и нееднаков пристап кон зачувувањето на сеќавањата. Од друга страна, ваквиот пристап, при посета на спомениците, создава впечаток на автентичност и приватност. И во Хрватска има вакви споменици, но тие обично потекнуваат од локалните заедници и организации на жртви, водени од страна на политичарите.

Слична е ситуацијата и во Македонија, каде зачувувањето на сеќавањата, функционира во дихотомија на јавни и приватно локални одбележувања на настани од минатото. Проектот „Скопје 2014", дефинитивно претставува државен проект на мета-идеолошко ниво, кој „силно" се обидува да изгради идентитет врз основа на исконструирано и изманипулирано минато. Спомениците испраќаат јасна порака за нивната моноетничност и ексклузивитет кон граѓаните од албанска националност. Ова може да се види од самата местоположба на спомениците. Постои сличност со државните проекти во Хрватска, единствената разлика е дека македонскиот проект е пренагласен и досегнува подлабоко во минатото.

Од друга страна, спомениците на локално и приватно ниво, се разликуваат. Спомеников посветен во чест на убиените жители во селото Непроштено, претставува микро локален, приватен начин на одбележување на сеќавањата. Не испраќа порака на омраза, ниту пак зборува за сторителите. Многу се разликува од спомениците во Хрватска, кои ги истакнуваат сторителите. Дури и авторите и спонзорите на спомеников велат дека овој споменик е отворен за секого и дека меѓуетничките односи се добри. Подоцна дознавме дека во ова село биле убиени и неколку Албанци, но нивните имиња не се испишани на спомеников. Така што повторно се добива истиот впечаток, дека спомеников е моноетнички и дека ја кажува само едната половина од приказната.

Вториот споменик, изграден по приватно-локална иницијатива, е „Албанската мајка". Спомеников, според неговото име е резервиран само за Албанците. Првобитно, тој требаше да биде споменик во чест на албанските жртви на Балканските војни 1912-1913 година, но стана споменик на сите загинати и настрадани Албанци во регионот во повеќе војни. Спомеников е прилично хаотичен, со нејасна оригинална идеја. Уште поконфузно беше објаснувањето на нашиот водич, кој рече дека и покрај името, албанското знаме и другите симболи, овој споменик е посветен на сите граѓани во регионот, вклучувајќи ги и Македонците. Нивото на прикривање на националниот карактер на спомеников и негирањето на меѓуетничките спорови и конфликти, во споредба со Хрватска, комплетно се разликува. Во Хрватска, спомениците се речиси исклучиво моноетнички и никој не се обидува да го сокрие тоа, бидејќи идентитетот „против" или „спротивен" на другите, претставува основа на хрватскиот идентитет.

Свен Милекиќ

# ЗАЕДНИЧКИ ГЛАС

КОСОВО

Дукаѓин Горани, претседавач на Форумот „Заеднички глас“, дава осврт на процесот за формирање на нова платформа за превенција на конфликтот и застапување на интересите на заедницата во Косово.

Беше сончево утро на почетокот од септември 2013 година, кога на рецепцијата на белградскиот хотел „Хајат“, ми пријде со предлог, г-динот Пол Партнер, советник за мир и развој во одделението за политички прашања на ООН и УНДП Косово. Тој одблиску го следеше панелот на обновениот Форум за безбедност во Белград, каде што јас, заедно со моите колеги од косовското граѓанско општество, имав шанса да зборувам. Пол прашуваше за можноста за репродукција на разумниот дискурс на овој панел, како за нешто поголемо и посмело. Се прашуваше дали тоа може да стане составен дел од косовскиот јавен говор за меѓуетничкото разбирање. Замислуваше поголема група на слични и обични луѓе, кои формираат обичен форум, што би заживеал само поради нивната лична посветеност за мирен соживот и вистинска соработка.

Во следните неколку месеци, дојдовме до вистински шарен склоп од: музичари, новинари, истражувачи, изведувачи, верски луѓе и претставници на граѓанското општество: обичниот маж и обичната жена, од различни сфери на животот во Косово, се забавуваа во процесот на согледување на меѓусебните сличности, но и разлики.

На почетокот на април 2014 година, го договоривме нашиот прв состанок. Будва во Црна Гора, само во пролет може да стане твоја, и вистински само твоја. Повеќе од два дена, луѓето од скромната група беа константно маѓепсани едни од други. Бескрајни дискусии, идеи, желби, начини на говор, мислење и делување. Пол Мекленбург, специјален советник на Фарид Зариф, специјален претставник на генералниот секретар на УНМИК, на свој духовит, американски начин, забележа важен факт: „Имате една неверојатна работа овде, луѓе. Негувајте ја, не губете ја“. Толку вистинито.

По Будва, дојдоа Грачаница, Охрид, Копаоник, Тирана, а во меѓувреме и средби во: Призрен, Приштина и Митровица. Со време, овој извонреден форум, составен од обични луѓе, доби ново име: Заеднички Глас: платформа за превенција на конфликтот и застапување на интересите на заедницата. Од неодамна е сместен во канцелариите на Либерално Демократскиот Центар, локален истражувачки центар во населбата Акташ во Приштина. Тука, неговиот секретаријат, предводен од Беким Бета и Жарко Кртиниќ, ги подготвуваат состаноците и седниците на членовите на форумот. Овде навраќаат луѓе како: Беса Лужа, Петар Милетиќ, Шкумбин Брестовци, Вељко Самарџиќ, Лејла Хаџиу-Пуља, Кујтим Пачаку, Дардан Велија, Бирол Урчан, Блерта Авдили, Љубиша Башчаревиќ и многу други. Тие се вклучени во подготовка и спроведување на различни видови проекти: од препораки за различни политики до документарни филмови; од изјави за јавноста до културни настани.

Поминете и Вие, исто така.

Дукаѓин Горани



# ПРСТ

*„Прст“ е показалец кој што не знае во која насока да покаже и не е во состојба да го открие сторителот. Ова дело претставува сенка на огромниот прст, којшто посочува кон тебе, правејќи да чувствуваш вина. Тоа е прст којшто нуди и помирување и разделување. Тоа е изговор за плачење над тривијалната болка, предизвикана од тривијалната домашна работа, како маска за поголема, помалку банална внатрешна болка. Тоа е постојан потсетник на фактот дека е направено нешто лошо и дека сé може да се распадне. Тоа е закана. Тоа е нешто со што се чешаш. Тоа е нешто со коешто допираш.* – Доруntина Баша

Од околу 30.000 исчезнати лица во Босна и Херцеговина, денес се трага по уште 9.000. Воената драма, којашто заврши кон крајот на минатиот век, за нивните семејства сѐ уште трае. Надежта умира дури со смртта на трагачот. Токму таа потрага е она што е заедничко помеѓу уметникот и нашите сограѓани. Театарот е токму тоа, место на потрага, место на надеж, место на желба за вистина и место на средба со вистината. Може да се каже дека самиот тој факт е повеќе од доволна причина, зашто Сараевскиот воен театар (САРТР), реши на својата сцена да го постави драмскиот текст „Прст“, на авторката Доруntина Баша.

Тоа е приказна за десетгодишна тага, за една мајка и една сопруга, за надежта дека нејзиниот сопруг, односно син, за некое чудо ќе се врати. Тие две жени ја делат неизмерната болка по изгубената личност и се обидуваат да се соочат со вистината. Тоа го прават така што се повредуваат една со друга, се обвинуваат, се борат за моќ, не можат да се поднесат, не можат да живеат заедно, но не можат ниту една без друга. Само во таа борба, во тоа взаемно повредување, тие двете се чувствуваат живи. Тоа е светот на семејствата и блиските на оние 9.000 сѐ уште исчезнати луѓе. Свет, кој освен нив, никој друг не го познава.

Драмата „Прст“, иако се одвива во контекст на прашањето за исчезнатите, во целост е раскажана од перспектива на жените што останале одзади, сами, и заробени сами со себе. Потресно, но се работи за драма на нашето време, на нашите животи.

Задачата за реализација на претставата им е доверена не само на уметничките, не само на актерките, туку и на жените, мајките, сестрите, ќерките, сопругите...Тие трагаат по вистината, правдата, љубовта, убавината, мирот, тие трагаат по сите нас - ПО ИЗЧЕЗНАТИТЕ ЛУЃЕ!

Премиерата на театарската претстава „Прст“ се одржа на 7 Ноември 2014 година во Сараевскиот воен театар (САРТР). Претставата „Прст“ е реализирана во продукција на Сараевскиот воен театар, со поддршка на Американската амбасада во Сараево - Односи со јавноста САД, потоа во соработка со *форум*ЗФД во Босна и Херцеговина (Цивилна мировна служба) и со Фондацијата Публика. Генерален спонзор на САРТР е БХ Телеком.

Тркалезната маса под име „Помеѓу надежта и историјата“ се одржа на 10 Ноември 2014 година во САРТР, веднаш по претставата. Панелистки на тркалезната маса беа: Викторија Ружичиќ - Токиќ (ИЦМП), Сабрина Беговиќ (режисер), Селма Алиспахиќ (актерка) и Селма Корјениќ (ТРИАЛ). Претставата „Прст“ ќе биде дел од репертоарот на САРТР во текот на 2015 година.

БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

Нихад Кресељаковиќ

# МАКЕДОНСКИ НОВИНАРИ: СПРАВУВАЊЕТО СО МИНАТОТО ИМ Е ПОТРЕБНО НА МЕДИУМИТЕ

Новинарите од различни медиуми сметаат дека соочувањето со минатото е вистински предизвик за новинарите и медиумите во Македонија. Тие велат дека новинарите се запознаени со овој концепт, но признаваат, дека постои недостиг на новинарска иницијатива да се обработи ова прашање.

МАКЕДОНИЈА

Анита Димитриевска, новинар во македонската државна телевизија, вели дека новинарите во Македонија известуваат за оваа тема, само доколку нешто се случи. „Само мал број новинари преземаат иницијатива, фокусот на своето известување да го стават на ова прашање, на кое му се посветува многу малку внимание. Медиумите, особено пишаните, имаат повеќе можности да ги истражат прашањата поврзани со оваа тема, бидејќи тие имаат поголем простор за тоа“, изјави Димитриевска.

Адријан Ќерими, новинар- репортер во „Алсат-М“, смета дека „новинарите и медиумите во Македонија, треба да учат од искуството на медиумите во другите земји, особено оние од Африка, за да добијат сознанија како да се справат со минатото и како да придонесат во покривањето на ова прашање во другите медиуми и во јавноста“.

Салие Садику, новинар на ТВ „Гура“ од Кичево, верува дека соочувањето со минатото е добра опција која локалните медиуми треба да ја земат предвид, со оглед на тоа дека повеќето општини во Македонија се мултиетнички.

„Во овој поглед, ќе го споменам Кичево, мал град населен со двете најголеми етнички групи: Македонци и Албанци. Но, за време на последните локални избори дојде до одредени тензии и употреба на говорот на омраза. [Ова се случи], поради меѓусебните постоечки предрасуди, но и како резултат на етничката битка, наместо подготвеноста, да се избере најдобриот кандидат за градоначалник“, рече таа, по обуката организирана од „ФорумЗДФ“.

Мефаил Исмаили

# ГАВРИЛО ПРИНЦИП– НАЦИОНАЛЕН ХЕРО ИЛИ ТЕРОРИСТ?






## СРБИЈА

„Оној што за едни е терорист, за други е борец за слобода“. Сто години по атентатот во Сараево, ова прашање повторно се поставува: „ Кој опис да се избере за Гаврило Принцип ?”. Во јуни 1914 година, Принцип го застрела австрискиот престолонаследник Франц Фердинанд и на тој начин активира каскада на настани, што доведоа до избувнување на Првата светска војна. Воден од желбата за ослободување на Босна, тој изврши политичко убиство, чии последици не беше возможно да се предвидат, ниту за него, ниту пак за политичарите во Србија и во Европа. Амбивалентната проценка на неговата акција, сé уште се рефлектира во односот на Србите кон нивната понова историја. Тие и натаму го оспоруваат гледиштето дека поддршката што Србија му ја давала на Принцип, придонела за почеток на војната. Постои голема загриженост, дека е можно да преовлада онаа верзија на историјата, според која Србите се одговорни за сите зла на Балканот, што се случиле по 1914 година. Србите го сметаат Принцип за национален херој. Иако е точно дека во 1914, како и во 1991 година, во Србија постоеле националистички струи, поистоветувањето, сепак, не е прифатливо. Принцип се бореше за држава, во која заедно би живееле сите јужнословенски народи. Спротивно на тоа, режимот на Милошевиќ проповедаше српски национализам. Денес, Србија игра позитивна улога во процесот на регионално помирување.

Йоханнес Риегер

# ВЕСТИ И АЖУРИРАЊА

## „МЕМОРИСКО МАПИРАЊЕ“ ВО КОСОВО

Целта на проектот „Мемориско мапирање Косово” (ММК) е да собере група научници од општествените науки, студенти и активисти на граѓанското општество за да ги истражат практиките и местата на чување на сеќавањата во Косово, како и да се спротивстават на воспоставените историски наративи и архивски материјали. Воедно, тие ќе можат да создадат ново, мултиперспективно разбирање за чувањето на сеќавањата во Косово, што ќе придонесе за конструктивна дебата за справување со минатото во Косово. Од јануари 2015, проектот ММК ќе се фокусира на работата на три од вкупно пет работилници, кои ќе се однесуваат на:

Меморијални објекти изградени во периодот на Отоманската империја, што владеела со Балканот (1878 - 1881) - „Призренска лига”, (февруари 2015); меморијални места изградени во социјалистичка Југославија, но запоставени по војната во Косово во 1999 година, „Споменикот на рударите” (април 2015); и Перспективи на (жени)жртвите на сексуални напади при последната војна во Косово (јуни 2015).

Од Кораб Красниќи

## КУЛТУРАТА НА СЕЌАВАЊЕТО ВО ДВИЖЕЊЕ. ИНСТРУМЕНТ ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА МЛАДИТЕ, НИВНАТА ИСТОРИЈА И СЕЌАВАЊА.

Во текот на летото 2014 година, *форум*ЗФД, „Иницијатива на младите за човекови права“, ИМЧП, од Босна и Херцеговина и „Куќата на Ана Франк“, го стартуваа проектот „Културата на сеќавањето во движење“, (Memoryinmotion), образовен инструмент кој има за цел, вклучување на младите во Босна и Херцеговина и пошироко, и вклучување на нивната историја, како и да им се даде поддршка во критичкиот одраз на нивната јавна култура на сеќавање. Овој инструмент ќе биде достапен од декември 2014 и ќе биде дистрибуиран во 2015 година. Оваа заедничка соработка се базира врз два партнерски проекти, проектот “Memory Walk” (ИМЧП БиХ и Куќата на Ана Франк) и проектот “MOnuMENTImotion” (*форум*ЗФД), што им овозможи на младите, преку филм, да ги презентираат своите ставови за историските сеќавања. Доколку сакате дополнителни информации, Ве молиме контактирајте со Мишел Паренте (parente@forumzfd.de) или Лаура Борхаут (l.boerhout@annefrank.nl).

Лаура Борхаут
*(куќата на Ана Франк)*

# СЛЕДНО ИЗДАНИЕ

Второто издание на Балкан.Перспективи, ќе се занимава со темата ‘херои’. Авторите ќе анализираат како луѓето го дефинираат херојот и како индивидуите стануваат херои. Ќе биде истражувана комеморацијата на хероите на Балканот, и не помалку важно, ќе го поставиме прашањето: Дали ни требаат херои?

# ИМПРЕСУМ


Балкан. *Перспективи* ги издава *форум*ЗФД

Форумот Граѓански мир (*форум*ЗФД, Forum Ziviler Friedensdienst) е германска организација основана во 1996 година. Обучува и поставува мировни експерти во конфликтни региони, каде што, заедно со локални партнери, работат на промоција на мирољубивата коегзистенција и ненасилното решавање на конфликти.

Во Западниот Балкан, фокусот е завртен кон проекти од полето на справување со минатото и на поттикнување на дијалогот меѓу спротивставените страни. Ова вклучува проекти за посредување меѓу училиштата, за поддршка на граѓанското општество, или за подобрување на капацитетите на медиумите, за поконструктивен пристап кон справување со минатото. Програмата е финансирана од германското Сојузно министерство за економска соработка и развој (BMZ).

**ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК:**
*Маике Дафелд*

**АВТОРИ:**
*Шејла Авдиќ, Марко Баришиќ, Лаура Борхаут, Џабир Дерала, Јелена Дуреиновиќ, Дукаѓин Горани, Дардан Хоти, Мефаил Исмаили, Родољуб Јовановиќ, Нихад Крешевљаковиќ, д-р Томас Луц, Свен Милекиќ, Николас Моли, Дино Мустафиќ, Никола Радиќ, Јоханес Ругер, Фитим Селими, Маја Васева.*

**ПОДГОТОВКА:**
*Леарт Зоѓани*

**НАСЛОВНА СТРАНИЦА:**
*Лајла Бараке*

**ПЕЧАТИ:**
*ЦПУ Принтинг компани д.о.о. (Босна и Херцеговина), ВМЗ (Косово), Фокус Принт (Македонија), Колор Прес (Србија)*

**ПРЕВЕДУВАЧИ:**
*Лулијета Красниќи Весели (албански), Мартин Леверенц (германски), Емица Ниами-Налбантиќ (македонски), Иван Станојевиќ (босански/хрватски/српски)*

**ЛЕКТУРА:**
*Цек Дејвис (англиски), Арбен Ахмети (албански), Зинаида Лакиќ (босански/хрватски/српски), Силвана Крҗовска (Македонија)*



**КОНТАКТ:**
*balkan.perspectives@forumzfd.de*

Форум Граѓански мир | Forum Ziviler Friedensdienst e.V. (*forum*ZFD)

Канцеларија во Косово:
ул. „Џамил Хоџа“ бр. 8/3
10000 Приштина, Косово

Канцеларија во Србија:
ул. „Проте Матеје“ бр. 17
11000 Белград, Србија

Канцеларија во Босна и Херцеговина:
ул. „Бранилаца Сарајева“ бр. 19 Б
71000 Сараево, Босна и Херцеговина

Канцеларија во Македонија:
ул. „Борка Талески“ бр. 11/4
1000 Скопје, Република Македонија



**Ослободување од одговорност**

Балкан. Перспективи има за цел да иницира дебати во однос на справувањето со минатото на Балканот. Мислењата изразени во списанието се мислења на соработниците, и не секогаш го одразуваат ставот на уредникот или на *форум*ЗФД. Иако издавачите внимателно ги проверија линковите на веб-страниците што се промовирани во ова периодично списание, тие не може да бидат одговорни за содржината на надворешните веб-страници.

Ве покануваме да го копирате и редистрибуирате овој материјал во печатена или електронска форма, под услов текстот да не го менувате, да биде даден на соодветен начин и без наплата за надомест.